# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **02. 10 .2014 година**
**Општина Македонски Брод** — **Маке донски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 9 – 2014 год.**

ОКТОМВРИ 2014

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Замонот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 9 и 10 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/06,9/97, 6/02,175/02, 19/02, 40/03, 49/06), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година ја донесе следната

# О д л у к а

## За основање на Јавно претпријатије заради вршење на дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод

1.Советот на општина Македонски Брод со овој акт врши основање на ново ЈП заради вршење на дејност од јавен карактер за потребите на граѓаните на општина Македонски Брод.

2.ЈП како основна дејност ќе ја има комуналната хигиена и одржување на паркови и зеленило во општина Македонски Брод.

3.ЈП да се регистрира како ЈП за одржување на комуналната хигиена паркови и зеленило со седиште на адреса Партизански одреди бб Македонски Брод.

4.Износот на средствата за основање на новото ЈП,,Комунална хигиена,, ќе се обезбеди дел од основачот и посебен дел од постојното ЈП Водовод и канализација Македонски Брод со спроведен делбен баланс.

5.Органи на управување на ЈП,,Комунална хигиена,, ќе биде УО, НО и Директорот со мандат од 4 години.

6.За спроведување на одлуките на органите на ЈП ќе се грижи директорот на ЈП исто и за нивното целосно имплементирање во практиката.

7.ЈП има својство на правно лице и како правно лице може да стекнува право на подвижен и неподвижен имот, да стекнува права и да превзема обврски и да одговара за превземените обврски во правниот промет кај трети лица,

-ЈП стекнува својство на правно лице од денот на уписот во трговскиот регистер.

8.Рокот за донесувањето на статутот и именувањето на органите на управување на ЈП изнесува 60 дена од влегување на сила на овој акт.

9.Лицето дипломиран правник Зоре Трпески се именува да ги води работите на ЈП до негово целосно конституирање.

10.ЈП,,Комунална хигиена,, - Македонски Брод е должно на регистарскиот суд да му ги достави статутот ,актот за именување на членови на управниот и одборот за контрола на материјално-финансиското работење, како и доказ за именување на директорот на ЈП, во рок од 30 дена од истекот на рокот предвиден во точка 8, за донесување на статутот именување на органите на ЈП , со пријава за упис на новите факти и промена на лицето овластено за застапување на ЈП.

11.Со оваа одлука престанува да важи одлуката за ,,Основање на Јавно претпријатие заради вршење дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод,, бр.07-1069/4 од 29.10.2010г.

12.Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 – 708 / 3**
**26.09.2014 година**

**Совет на општина Македонски.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за основање на Јавно претпријатие**
**заради вршење на дејност од јавен карактер**
**во општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за основање на Јавно претпријатие заради вршење на дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА

## За изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод

Септември- 2014 Македонски Брод

Врз основа на член 78, став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11.53/11,144/12, 55/13,163/13 и 42/14) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03 ,Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 26.09. 2014 година донесе:

# ПРОГРАМА

## За изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод

### 1.ВОВЕД :

Врз основа на член 78, став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11.53/11,144/12, 55/13,163/13 и 42/14) до донесување на план за село,изградбата на селата кои немаат урбанистичка документација,може да се врши под услови и на начин што со општ акт ќе ги утврди општината.Општиот акт се донесува по предходна согласност на Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот Скопје.

Општите акти содржат задолжително текстуален дел –Предлог одлука, најмалку еден графички прилог и нумерички дел.

Предлог-Одлуката и графичкиот дел ги изработува правно лице кое поседува лиценца согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Градоначалникот на општината формира комисија за одобрување на Предлог-Одлуката составена од најмалки три члена и тоа:Лице од општинската администрација одговорно за урбанистичко планирање и две стручни лица од областа на урбанистичкото планирање, од кои еден архитект со овластување за изработка на урбанистички планови.

Одобрената Предлог-Одлука ,нумеричкиот дел и градфиччкиот прилог се доставуваат до Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот ,со барање за издавање на согласност.

Министерството за транспорт и врски ја издава бараната согласност односно го одбива барањето за нејзино издавање во рок од 15 работни дена од приемот.

По издавање на Согласноста од страна на Министерството за транспорт и врски Оприот акт го донесува Советот на општината.

Општиот акт задолжително содржи еден графички прилог во размер 1:2500,со дефинирана граница на опфатот на селото,граници на зони според намената на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини,основни влезни и излезни постојни правци во селото и означени траси за истите.

Изготвувањето на Општите акти имаат за цел да обезбедат услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот, хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата во селата на целата територија на општината Македонски Брод.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на Законот за постапување со бесправно изградени објеки..

## 2.ИЗРАБОТКА НА ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА

Како основни задачи од аспект за изработка на Општи акти за села, кои немаат урбанистичка документација на територијата на општината Македонски Брод во наредниот период би требало да се реализираат следните активности- изработка на Општи акти :

-Општ акт за с.Ижиште,
-Општ акт за с.Ореовец,
- Општ акт за с.Русјаци,
- Општ акт за с.Латово,
- Општ акт за с.Требино,
- Општ акт за с.Сланско,
- Општ акт за с.Дреново,
- Општ акт за с.Крапа,
- Општ акт за с.Локвица,
- Општ акт за с.Суви дол
- Општ акт за с.Девич,
- Општ акт за с.Грешница,
- Општ акт за с.Слатина,
- Општ акт за с.Горно Крушје,
- Општ акт за с.Долно Крушје,
- Општ акт за с.Вир,
- Општ акт за с.Модриште,
- Општ акт за с.Долни Манастирец,
- Општ акт за с.Горни Манастирец,
- Општ акт за с.Тополница,
- Општ акт за с.Томино село,
- Општ акт за с.Сушица,
- Општ акт за с.Калуѓерец,
- Општ акт за с.Могилец,
- Општ акт за с.Цршнево,
- Општ акт за с.Белица,
- Општ акт за с.Брезница,
- Општ акт за с.Рамне,
- Општ акт за с.Зркле,
- Општ акт за с Долно Зркле,
- Општ акт за с.Ковче,
- Општ акт за с.Инче,
- Општ акт за с.Лупште,
- Општ акт за с.Ковач,
- Општ акт за с.Бенче,
- Општ акт за с.Брест,
- Општ акт за с.Косово,
- Општ акт за с.Требовље,
- Општ акт за с.Звечан,
- Општ акт за с.Растеш,
- Општ акт за с.Заград,
- Општ акт за с.Волче,
- Општ акт за с.Битово,
- Општ акт за с.Долно Ботушје и
- Општ акт за с.Горно Ботушје

## 3.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на подрачјето на општина Македонски Брод. се финансира од:

-Буџетот на општината Македонски Брод за 2014 година ,

-Од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма и -

-Од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

## 4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средства:

- Од надоместок за уредување на градежно земјиште,

-Средства наплатени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и

-Средства од правни и физички лица.

## 5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.07- 708 /4 од 26.09. 2014 год.
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Македонски.Брод
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програма за изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на територијата на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Програмата за изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на територијата на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 126 став 1, алинеја 2 од Законот за основното образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11,6/12.100/12 и 24/13), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 септември 2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната Програма 2013/14 и Програма за работа за 2014/15 година на ООУ„Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод го усвои Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа за 2013/14 и Програма за работа за 2014/15 годин на ООУ „Свети Климент Охридски“ Македонски Брод.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 708/ 5 — Совет на општина Македонски Брод

26.09.2014 година — Претседател,

Македонски Брод — Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 89 а став 1, алинеја 2 од Законот за измена и дополнување на Законот за средно образование (Сл.весник на РМ бр.67/2004), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 септември 2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА 2013/2014 ГОДИНА И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2014/15 ГОДИНА НА СОУ „ СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“ МАКЕДОНСКИ БРОД**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Годишниот извештај за работа на СОУ „Свети Наум Охридски“ Македонски Брод за 2013/2014 и Програма за работа за 2014/15година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 07- 708/6** | **Совет на општина Македонски Брод**

**26.09.2014 година** | **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** | **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 98-а став 1,алинеја 2 од Законот за заштита на децата-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.170/2010), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 септември 2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОЈУ-ДЕТСКА ГРАДИНКА 7-ми СЕПТЕМВРИ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2014/2015 ГОДИНА**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Годишната програма за работа на ОЈУ-детска градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2014/2015 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 708/7 | Совет на општина Македонски Брод

26.09.2014 година | Претседател,

Македонски Брод | Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа(Сл.Весник на РМ бр.5/02)И член 21 став 1 точка 28 од статутот на општина Македонски Брод а во врска со член 100 став 3 од Законот за социјална заштита,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за утврдување на предлог член за член во Управниот Одбор во Јавната Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа во општина Мак.Брод

1.-Советот на општина Македонски Брод утврди предлог член за член на Управниот Одбор при Јавната Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Македонски Брод и тоа лицето

-Стаменкоска Милка

2.Оваа одлука да се достави до Министерството за труд и социјална политика во Скопје со цел за именување на членови на Управниот одбор на Јавната Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа во Македонски Брод.

5.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 708 / 8**
**26.09.2014година**

**Совет на општина Мак.Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на член во Управниот одбор во Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа во општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на член во Управниот одбор во Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа во општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по барање 07-697 од 17.09.2014 од ООУ„Св,Климент Охридски„-Македонски Брод ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 септември 2014 година

# О Д Л У К А

**за асфалтирање на дел од училишен двор во ООУ„Св.Климент Охридски „ Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се одобрува асфалтирање на дел од училишниот двор од северо западната страна во површина од 680$м^2$ .

**Член 2**

За спроведување на чл.1 од Одлуката финансиски средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Македонски Брод .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 708 /09**
**26.09.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за асфалтирање на дел од училишен двор во ООУ„Св.Климент Охридски„Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за асфалтирање на дел од училишен двор во ООУ„Св.Климент Охридски„ Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставеното барање бр.07-673 од м.з. Русјаци ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година донесе

# О Д Л У К А
**за изградба на плочаст пропуст ( мовче) на Русјачка река во с.Русјаци**

**Член 1**

Согласно оваа одлука ќе се одобрат финансиски средства за изградба на плочаст пропуст (мовче) на Русјачка река што го спојува селото со манастир Св.Пантелејмон.

**Член 2**

Се задолжува комисијата за јавни набавки да објави тендер по проект со кој располага одделението за урбанизам и заштита на животната средина .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 708/10**
**26.09.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за изградба на плочаст пропуст(мовче) на Русјачка река во с.Русјаци**

Се прогласува **Одлуката за изградба на плочаст пропуст(мовче) на Русјачка река во с.Русјаци,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по поднесено барање од МПЦ Охридска архиепископија Дебарско Кическа епархија –Македонски Брод и ктитор Санда Алексока, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година донесе

# О Д Л У К А

**За дополна на Одлуката бр.07-633/20 од 30.07.2013 година**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се одобрува изградба на црква на м.в. ,,стар дол,, во село Девич заведена во КП.бр.590/2 за КО Девич и тоа во површина од $300м^2$ .

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи во врска со изградбата на црквата ќе го изведе ктиторот Санда Алексоска од Кичево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 708 / 11**
**26.09.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за дополна на Одлуката бр.07- 633/20 од 30.07.2013година**

Се прогласува **Одлуката за дополна на Одлуката бр.07-633/20 од 30.07.2013година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по поднесено барање 07-632 од МПЦ Охридска архиепископија Дебарско Кическа епархија –Македонски Брод и ктитор Драге Костадиноски и Драган Димоски, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на изградба на црква на м.в „Подгабер„ во Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се одобрува изградба на црква на м.в. „ Подгабер„ во Македонски Брод..

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи во врска со изградбата на црквата ќе го спроведат барателите.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 708 / 11/1**
**26.09.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за одобрување на изградба на црква на м.в „ПОДГАБЕР„ во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за одобрување на изградба на црква на м.в „ПОДГАБЕР„ во Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по барање 03-268 од 19.09.2014 0д ЈП „Водовод и канализација „-Македонски Брод ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26 септември 2014 година

# О Д Л У К А
## за отстапување на сопственост на КП 3936 на ЈП „Водовод и канализација„ - Македонски Брод

### Член 1

Согласно оваа одлука се одобрува отстапување на сопственост на КП 3936 на ЈП „Водовод и канализација„ -Македонски Брод која во моментов е во сопственост на РМ.

### Член 2

За спроведување на чл.1 од Одлуката се задолжува Градоначлалникот да потпише спогодба со која ќе се уреди сопственоста односно ќе се отстапи КП3936 на ЈП „Водовод и канализација„-Македонски Брод на која веќе е изградена Хлоринаторна станица .

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 708 /12**
**26.09.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за отстапување на сопственост на КП 3936 на ЈП„Водовод и канализација„- Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за отстапување на сопственост на КП 3936 на ЈП„Водовод и канализација„- Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 26.09.2014 година.

**Бр.08 - 708 /13**
**02 .10.2014 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 9 од 02.10.2014 година Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за основање на Јавно претпријатие заради вршење на дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод........................................................................ стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлука за основање на Јавно претпријатие заради вршење на дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод .......................... стр. 4

Програма за изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на територијата на општина Македонски Брод...................................... стр. 5

Заклучок за прогласување на Програма за изработка на Општи акти за села кои немаат урбанистичка документација на територијата на општина Македонски Брод . стр. 9

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната програма 2013/14 и Програма за работа за 2014/15 година на ООУ„Св.Климент Охридски-Македонски Брод..........................................................................................................стр. 10

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната програма 2013/14 и Програма за работа за 2014/15 година на СОУ„Св. Наум Охридски-Македонски Брод.......................................................................................................... стр.11

Заклучок за усвојување на Програма за работа на ОЈУ –Детска градинка 7-ми септември Македонски Брод за 2014/15 година. ..........................................................стр. 12

Одлуката за утврдување на предлог член во Управниот Одбор во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа во општина Македонски Брод............... стр. 13

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на предлог член во Управниот Одбор во ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа во општина Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 14

Одлука за асфалтирање на дел од училишен двор во ООУ„Св.Климент Охридски „ Македонски Брод......................................................................................................... стр. 15

Заклучок за прогласување на Одлука за асфалтирање на дел од училишен двор во ООУ„Св.Климент Охридски „ Македонски Брод........................................................ стр. 16

Одлука за изградба на плочаст пропуст(мовче) на Русјачка река во с.Русјаци стр. 17

Заклучок за прогласување на Одлука за изградба на плочаст пропуст(мовче) на Русјачка река во с.Русјаци ........................................................................................ стр. 18

Одлука за дополна на Одлуката 07-633/20 од 30.07.2013 година.......................стр.19

Заклучок за прогласување на Одлука за дополна на Одлуката 07-633/20 од 30.07.2013 година ........................................................................................................ стр. 20

Одлука за одобрување на изградба на црква на м.в „Подгабер„ во Македонски Брод.......................................................................................................................стр.21

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на изградба на црква на м.в „Подгабер„ во Македонски Брод.......................................................................... стр. 22

Одлука за отстапување на сопственост на КП 3936 на ЈП„Водовод и канализација„- во Македонски Брод..........................................................................................стр.23

Заклучок за прогласување на Одлука за отстапување на сопственост на КП 3936 на ЈП„Водовод и канализација„- во Македонски Брод ................................................... стр. 24